12-483/2
20-11-2020

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 41-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 12 Ноември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 3635/1 од 23.07.2019 година, на подносителот -------------------- од ------------------------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3635 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3635/1 од 23.07.2019 година.

Предметот со број 12-3635 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-3635 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-3635/1 од 23.07.2019 година, од познат подносител - физичко лице, ---------------------- од ----------------------------------, со познати адресни податоци.

Предметната пријава е куса и нејасна и со истата се изразува незадоволство од начинот на изведба на градежните работи во --------------------------.

Освен изразеното незадоволство пријавата не содржи ниту минимум податоци кои би укажале на конкретен/конкретни случај/случаи на градење кои би се должеле на противправно и незаконско постапување на службени лица, односно и на несовесно работење во службата и/или злоупотреби на службената положба и овластувањата по однос на кои Државната комисија за спречување на корупцијата би го насочила своето надлежно постапување.

Од причини, како е погоре наведено, а заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет Државната комисија, со писмено бр. 12-483/1 од 23.01.2020 година, до подносителот на пријавата достави барање за достава на писмено до-прецизирање на пријавата, за дополнителни податоци, информации и копии од документација со кои(ја) располага подносителот како

и други податоци и документација кои ќе послужат за соодветни проверки од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметниот пријавен случај.

Сметано од денот на доставата на писменото бр. 12-483/1 од 23.01.2020 година, до денес - кај Државната комисија за спречување на корупцијата не е пристигнат било каков одговор на барањето така што во отсуство на поблиски и конкретни податоци и информации или документација, а при нејасни и необразложени наводи не се исполнети препоставките за надлежно постапување на Државната комисија по наводите во овој пријавен случај.

Врз основа на околностите на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата предметната пријава не упатува на противправно и незаконско постапување на службени лица, односно и на несовесно работење во службата и/или злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службени лица - избрани и именувани лица и/или лица кои вршат работи од јавен интерес, а за остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг преку коруптивно дејствување, па оттаму и дека не содржи ниту причини кои би биле основ за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 12 Ноември 2020 година по број 12-483/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот